РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2453/4
23.05.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 22-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 20.05.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** д-р Методија Јанчески.

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни преку видео конференциска врска:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 22-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 5 гласа „за", го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 10.05.2024 година.
2. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје.
3. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 10.05.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски објасни дека ќе даде вовед и за двата радиодифузери кои се на дневен ред како точки 2 и 3, бидејќи причините за покренување постапка за одземање на дозволата се идентични. На ТВ Шења од Скопје и на ЈОН –РАДИО од Струга им се издадени фактури за плаќање на годишниот надоместок за дозволата за телевизиско и радио емитување, но до крајниот рок, а тоа беше минатиот петок, тие не извршија уплата. Остварена е комуникацијата со двата радиодифузери во која укажале дека причините за неплаќање се од финанасиска природа и притоа очекуваат да добијат средства од ДИК за емитуваното платено политичко рекламирање од првиот круг претседателски избори, каде што крајниот рок е 27 мај, додека крајниот дополнителен рок за уплата на средствата према Агенцијата е 31 мај. Се надева дека ДИК навремено ќе им ги исплати средствата на радиодифузерите, за да можат да извршат уплата за годишниот надоместок кон Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-778 од 07.09.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2024-100-0138 од 11.04.2024 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-778 од 07.09.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗААВМУ.

**Точка 3**

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга, Уп1 бр.08-301 од 01.09.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2024-100-0137 од 03.04.2024 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО

Струга, Уп1 бр.08-301 од 01.09.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗААВМУ.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**